СКОПЈЕ

# Апсења низ Скопје, полицијата пронајде марихуана, нож, гасен пиштол

Од Скопје1.мк
Објавено на 25/11/2024



На 24.11.2024 во 23.40 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Н.Г.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 19.30 часот во с.Волково, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 21.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Б.(19) и С.К.(18), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 13.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена дробилка со марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.11.2024 во 12.40 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле А.А.(24) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени гасен пиштол, рамка со 16 метални дијаболи и др. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

**ПОВРЗАНИ ВЕСТИ ПРЕКУ ОЗНАКИ:** МВР

**ПРОЧИТАЈТЕ И:**



Куче скитник искаса дете во Скопје




Сообраќајка кај Пробиштип, жена со тешки повреди пренесена во болница




Уапсен државјанин на Турција, при проверка на граница дал фалсификувани документи

10 години EVN СНАБДУВАЊЕ

„Претрес“ за Раде Штекли, ликвидациите, нарко клановите, Ахмети, крими-инсталации, Мијалков, Шеваљ



PRVATV






Copyright © 2018-2022 Skopje1.mk